


# пролет
# 2004

# 52.1 km

# 122.3 km

# 155.9 km

# КИНО НАПРЕДОК 3

## ТРИЛОГИЈА - ПРОВИНЦИЈА

| Томе Аџиевски | Станко Павлески |
|---|---|
| **Три топогноми до сето останато** | **Три противправила за однос** |

| | | |
|---|---|---|
| пролет 2004 ВЕЛЕС | I. Прв топогном - имагинација со предлог<br><br>Портрет на некој од 1975 и<br>Портрет на некоја од 2004 | I. Без експонат<br><br>Делосебесобирање во<br>манифестациите околу делото |
| есен 2004 ДЕБАР | II. Втор топогном - Вербална форма<br><br>FLUX SESION - ВО ДЕБАР | II. Издание - за ликовната критика<br><br>Моја антологија - македонската<br>уметност и критика 1954 - 2004 |
| зима 2004 ГЕВГЕЛИЈА | III. Трет топогном - Имиџ со насока<br><br>Зен фрижидери | III. Знаци на атрофичната култура<br><br>Заморените од уметност |

Проектот е посветен на оние интелектуалци кои несакаат
да го напуштат својот роден град

Димитрије Дурацовски 1

Димитрије Дурацовски 2

Димитрије Дурацовски 3

# 52.1 km

# Томе Аџиевски

## Три топогноми до сето останато

### I. Прв топогном - имагинација со предлог

Портрет на некој од 1975 и

Портрет на некоја од 2004

## Што е **Трилогија - Провинција** ?

---

# Was ist  ?



Eine Kunst? Eine Philosophie? eine Politik?

Eine Feuerversicherung?

---

## Oder: Staatsreligion?

ist  wirkliche Energie?



oder ist es ☞ Garnichts,

alles?

# Портрет на некој од 1975

Перформанс со гласно и емотивно читање на туѓи писма, случајно пронајдени на "бувљак" и купени од жена која на невообичаен начин ја продаде својата интима за само 20 ден.

# И

# Портрет на некоја од 2004

Инсталација со платнен транспарент случајно пронајден во близина на Собранието на РМ, поставен од жена која јавно го открива својот социјален статус.




ЧЕСНА И ПОБОЖНА ЖЕНА СУМ НИШТО НЕ БАРАМ ОД МИЛА
ГЕРМАНСКА ПЕНЗИЈА И ИСПЛАТА ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ



# СТАНКО ПАВЛЕСКИ

## БЕЗ ЕКСПОНАТ

Делосебесобирање
во манифестациите
околу делото

Во изместениот уметнички центар на опсервација
за периферното што се
создава како центар

Во најавата за изложбата
за одтајнувањето низ
воображбите во меѓувреме

Во празниот изложбен простор
за полето означено од / со
авторот

Во говорникот и говорот за авторот и "празното" (перформанс со Драган Миладиновски)
за воображбите во прво лице

Во публиката (хепенинг со еден условен означител-време и простор на случување)
за причинскиот центар на настанот, низ феноменот на потребите, очекувањата, навиките, предзнаењата, површностите, статусното и други состојби и воображби во / вон делото




Дизајн на плакатот: Томе Аџиевски





# Драган Миладиновски

## За авторот и делото што се создава

Да се застане од едната и другата страна на испрекинатата линија значи да се разграничат две страни. На едната јас на другата вие, и вие и јас во потрага по моментално заедничкиот интерес - доживување на уметничкото дело. Од оваа страна јас, со моите слики поттикнати од претставите - делото што се создава во процес, а од таа страна на означениот простор вие како љубопитни доживувачи на настанот- делото на скулпторот Станко Павлески.

Секогаш, или скоро секогашпри посетата на некоја изложба однапред доаѓаме со некоја воображба за делото што треба да биде изложено, а ако при тоа ни е познат авторот и неговото творештво, тогаштие воображби можат да бидат очекувано или неочекувано усмерени и обликувани. Во таа потрага по делото ние предвреме стануваме дел од делото зашто во нашата воображба веќе на некој начин живее делото.

Но ние сме тука, а каде е делото? Не гледаме во означениот простор за делото никакво дело. Самиот наслов на делото е БЕЗ ЕКСПОНАТ. Тука сум единствено јас, тогаш значи ли дека можеби авторот сака јас да бидам ...

Всушност, може ли воопшто да суштествува дело ако нема експонат? Тогаш како авторот ќе ни го претстави делото ако не гледаме пред нас никаков материјализиран експонат сместен во простор во облик и форма која ќе ја доживееме како негова креација.

Кое и какво е значењето на тој простор или простор без уметничко дело?

Дали означениот или ограничениот празен простор каде треба да се изложува или претставува едно уметничко дело во моментов ни е понуден како замена за уметничкото дело. И дали е доволно авторот едноставно, само така да го одбележи просторот и да ни го понуди како простор во кој ние ќе ја сместиме нашата имагинација, воображба за делото, така и толку колку што сме обдарени и спремни да ги активираме
нашите креативни претпоставки за да заживее делото.

Станко Павлески не само што го означи тој простор пред мене, како најава за нешто што во него треба да се случи [ како доживување на уметничкото дело] ами успеа и мене да ме смести во тој простор, за да преку мојата вообразба за имагинарното дело, преку моето обраќање и ваше физичко присуство да се дооформи сликата за празното и како дел од таа содржина да го доживееме делосебесобирањето во оваа/овие манифестации околу делото.

На тој начин авторот го изместува центарот и создава од периферијата центар.

Всушност ова дело на Станко е такво какво што вие можете да си го замислите, да го доживеете во себе и да го сместите во неговиот означен простор без експонат, зашто во моментов вашите вообразби стануват дело. Замислете колку дела истовремено во овој означен простор авторот условно, сместил преку вашата фантазија, вообразба, преку тоа што во моментов егзистира како ваш личен креативен чин.

Значи, означениот простор на крајот со моето излегување од него, преку испрекинатата линија пак останува празен, но останува вообразбата, искуството, впечатокот, доживувањето на делото БЕЗ ЕКСПОНАТ на Станко Павлески. Останува и сознанието дека делото постојано ќе биде различно и со времетраење додека сме ние во него како дел од него.

Авторот на ова уметничко дело кој мошне вешто не вгради во истото, господинот Станко Павлески академски скулптор, добро познат на домашната и пошироката културна јавност, ова дело го реализира како дел од проектот КИНО НАПРЕДОК 3. Овој проект треба да се реализира целосно во три дела со три различни теми кои ја прават целината, на три различни локации во Велес, Дебар и Гевгелија. Проектот е зеднички осмислен и го реализира со Томе Аџиевски академски скулптор, нашиот вечерашен соучесник во галеријава кој ни се претставува со своето дело: Прв топогном - имагинација со предлог. Овој заеднички проект се јавува како продолжение на претходните проекти Кино Напредок 2 и Кино Напредок кој всушност претставува спој на проектите на Станко Павлески ПИШУВАНА ЛИКОВНОСТ- СЛИКАН ЈАЗИК и проектот на Томе Аџиевски СИТЕ НИЕ СМЕ ВСУШНОСТ АЛБАНЦИ. реализирани во изминатите две години.

Станко Павлески е софистициран автор кој своето дваесет годишно уметничко творештво го претставил во повеќе културни метрополи. Роден е 1959 год. Дипломирал на факултетот за ликовни уметности во Скопје 1984 год во класата на професорот Петар Хаџи Бошков. Постдипломски студии завршил во Белград 1992 год. Денес е универзитетски профессор на факултетот за ликовни уметности во Скопје. Раскошната мисловна и креативна посебност ќе ја реализира преку богатото творечко присуство на самостојни и групни изложби во повеќе културни метрополи во светот како и на просторот на поранешна Југославија и во Македонија. За него и неговото творештво се интересираат многу познати центри на културните собитија, па оттаму и ги изложува своите дела во центри како Њујорк, Брисел, Вашингтон, Њукасл, Софија, Будимпешта, Букурешт, Белград, Истанбул, Париз, Љубљана, Загреб и други. За своите дела често е наградуван, а неговите скулптури се во функција на културното живеење во повеќе отворени и затворени простори. Така, скулптурата поставена непосредно до Малото мовче на реката Вардар во Велес, посветена на големото дело на Гемиџиите е дело на Станко Павлески. Таа симболично ќе го одразува пркосот и возвишената патриотска цел и саможртвата на младите велешани во борбата против ропството на Македонскиот народ и потрагата по новиот и поправеден поредок, но истовремено ќе ја симболизира и вечната потрага на уметникот за создавање на нови форми и облици како израз на творечката индивидуалност и посебност, како што е впрочем и ова дело БЕЗ ЕКСПОНАТ.




Томе, Стасе, Мими, Драган, Станко

# НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС

*Одговорен уредник*

Спасе Перовски

*Огранизација на изложбата*

Елица Николова

*Дизајн на каталогот*

Дејан Митевски и авторите

*фотографија*

Спасе Перовски, Станимир Неделковски

*печати*

"СОФИЈА" - Богданци

*каталогот го Финансира*

КИНО НАПРЕДОК 3 - Скопје

Благодарност до Мими Божинова и Драган Миладинов

за креативното учество во проектот


ВО ОВАА КУЌА ЖИВЕЕШЕ
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
ПРВИОТ ПРОПАГАТОР НА
СОЦИЈАЛИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА
24-1-1969 ГОД.
ТИТОВ ВЕЛЕС
РЕПУБЛИЧКИ ОДБОР ЗА
ПРОСЛАВА НА 40-ГОДИ
ШНИНАТА ОД СМРТТА
НА ВАСИЛ ГЛАВИНОВ